РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Бр.-Nr. 08-854/8

23. 01. 2023 год.

Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 144 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 49 седница одржана на 23.12.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за акредитација на студиската програма „Историја на уметност“, прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Историја на уметност“, прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.
3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и со стручен назив: Дипломиран историчар на уметноста /во меѓународен промет, стручен, назив: Bachelor in History of Art.

Научно - истражувачко подрачје: 6 Хуманистички науки; Научно – истражувачко поле: 606 Историја на уметност, Научно – истражувачка област: 60600 Ранохристијанска уметност, 60601 Средновековна западна уметност, 60602 Средновековна византиска уметност, 60603 Средновековна национална уметност, 60604 Национална уметност од турскиот период, 60605 Уметност на ренесансата – општа, 60606 Уметност на ренесансата – национална, 60607 Уметност на барокот – општа, 60608 Уметност на барокот – национална, 60609 Уметност на класицизмот – општа, 60610 Уметност на класицизмот – национална, 60611 Уметност на романтизмот – општа, 60612 Уметност на романтизмот – национална, 60613 Уметност на реализмот – општа, 60614 Уметност на реализмот – национална, 60615 Уметност на XX век, 60618 Музеологија и конзервација, 60619 Нумизматика.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 40 студенти.
5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02-711/18 од 23.06.2022 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Историја на уметност“, прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.08-1338/20 од 30.08.2022 година (наш бр. 08 -854/1 од 02.09.2022 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 42-та седницата одржана на 14.09.2022 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 854/7 од 05.01.2023 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 49-та седница одржана на 23.12.2022 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова